

# Програма за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од ООУ „Св. Кирил и Методиј” - Центар, Скопје за учебната 2025/2026 година

## ВОВЕД

Училишните екскурзии и излети се краткотрајни воннаставни активности кои заедно со подолготрајните (научно – истражувачки посети, кампувања, настава во природа, летни и зимски школи, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. - Воспитно-образовни цели: совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата; меѓусебно разбирање и толеранција, почит кон историјата, културата и традицијата на населението во нашата држава. - Функционални задачи: изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на населението во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности преку посети на локалитети и објекти од културно, историско и др.значење; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Еднодневните есенски и пролетни излети** ќе бидат организирани во места соодветни за рекреација и дружење на ученици од 6 до 14 години и ќе бидат од спортско- рекреативен карактер.

**Одговорни наставници за еднодневните излетисе** сите одделенски наставници и класнитераководители.

**Одговорни наставници на тродневната екскурзија**: одделенските раководители на IX одд.

**Одговорни наставници на дводневната екскурзија:** одделенските раководители на VI одд.

**Одговорни наставници за *Настава во природа:*** одделенските наставници на V одд.








**РАСПОРЕД ЗА ЕКСКУРЗИИ ПРЕДВИДЕНИ СПОРЕД ПРАВИЛНИКОТ НА МОН ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТЕ**

| **Планиранапрограмска активност** | **Време на реализација** | **Учесници** | **Локалитети и објекти за посета** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Септември или октомври | Наставнициi ученици од I до IX одделение | Градски парк | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест |
| Еднодневен пролетен излет | Април-мај | Наставници и ученици од I до IX одделение | Сарај | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест. |
| Настава во природа | Мај - Јуни | Ученици од V одд. и одделенските наставниците | Скопје -Тетово Дебар Струга Охрид Вевчани -С копје | Да се запознаат со: -културно историски објекти и споменици од нашето минато; -придодни убавини на татковината. Да другаруваат и рекреираат |
| Тридневна екскурзија | Мај -Јуни | Учениците од IX одд. и одделенските раководители | Скопје – Крушево – Битола – Струга – Охрид - Скопје | Проширување на знаења за културните вредности, природно-геогра фските објек ти,развивањ е на еколошка свест и дружење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дводневна екскурзија | Мај -Јуни | Ученици од VI одд. и одделенскитераководи те ли | Скопје – Стоби – Струми ца – Дојран – Негорц и – Скопје | Проширување на знаења за културните вредности, природно-геог ра фските објек ти,развива њ е на еколошка свест и дружење |

## ● Програма за организација и изведување на еднодневен излет /есенски за учениците од I до IX одделение

**Еднодневен излет**

**Есенски излет**

**Место:**Градскипарк

**Одделение:** Ідо IX одд.

**Воспитно-образовни цели:**

- запознавање на природната средина, развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- да се потикнува развојот на самостојност кај учениците и социјализација; воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- грижа за сопственото здравје;
- развивање на еколошката свест кај учениците;
- социјализација и стекнување на искуство за осамостојување;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- да се развива другарство и колективниот дух кај учениците;
- да се развиваат хигиенски и културни навики кај учениците.

**Содржина и опис на активности:**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- заедничко доживување на околината, дружење;
- посета на културно-историските знаменитости;
- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

За учениците со посебни образовни потреби,еднодневната екскурзија се организира со

придружба во согласност со видот и степенот на попреченоста, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

За учениците кои не учествуваат во екскурзија ќе се организира настава во училиште. **Раководител на ексурзијата: Драган Станојковски**

**Одговорни наставници**:

Валентина Лена Вељан – професор по физичко и здравствено образование и сите одделенски и класни раководители. Член на стручна служба : Сања Шутиновска

**Време на реализација**: септември - октомври 2025 год.

**Следење на реализација**

**Локации за посета и правци на патување**

**Место на поаѓање**: пред училиште

**Правец на патување на еднодневниот есенски излет**: училиште - Градски парк училиште

**Време на поаѓање**: 8:00 часот ( учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот )

Пристигнување во Градски парк, разгледување на истото и запознавање со неговите општи карактеристики, слободно време за одмор, игра и рекреација, дружење на учениците. Враќање во 13 часот. Поради близината на местото на реализација на еднодневната екскурзија учениците заедно со одговорните наставници ќе одат пешки.

**Одговорен наставник**: Драган Станојковски

**Одговорни наставници на еднодневниот излет**:
Сите одделенски раководители од IX одд. Член на стручна служба : Сања Шутиновска

## ● Програма за организација и изведување на еднодневен излет/пролетен за ученици од I до IX одделение

**Еднодневен излет**

**Пролетен излет**

**Место:** Сарај

**Одделение:** I до IX одд.

**Воспитно-образовни цели**:

- запознавање на природната средина, развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- да се потикнува развојот на самостојност кај учениците и социјализација; воспоставување, развивање и негување на пријателство;

- грижа за сопственото здравје;
- развивање на еколошката свест кај учениците;
- социјализација и стекнување на искуство за осамостојување;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- да се развива другарство и колективниот дух кај учениците;
- да се развиваат хигиенски и културни навики кај учениците.

**Содржина и опис на активности:**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- заедничко доживување на околината, дружење;
- посета на културно-историските знаменитости;
- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

За учениците со посебни образовни потреби,еднодневната екскурзија се организира со придружба во согласност со видот и степенот на попреченоста, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

За учениците кои не учествуваат во екскурзија ќе се организира настава во училиште. .

**Раководител на ексурзијата: Драган Станојковски**

**Одговорни наставници:**

Валентина Лена Вељан–Професор по физичко и здравствено образование и сите одделенски и класни раководители. Член на стручна служба : Сања Шутиновска

**Време на реализација:** април - мај 2026 год.

**Следење на реализација**

**Локации за посета и правци на патување:** на еднодневниот пролетен излет: Скопје – Сарај - Скопје

**Време на поаѓање**: 8:00 часот ( учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот). Пристигнување на излетничкото место, разгледување на истото и запознавање со неговата историја, слободно време за одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање. Враќање во 13.00 часот .

:

**Техничка организација**
Училиштето ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Избраната ТА треба да поседува висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич. Училиштето треба да обезбеди придружба на лице од обезбедувањето на училиштето

**Начин на финансирање**

- Самофинансирање од страна на родителите.
- уплата на жиро сметка на туристичката агенција

## ●Програма заорганизацијаиизведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одд.

**Дводневна екскурзија**

**Место:** Источна Македонија-Дојран

**Одделение:** VI (шесто)

**Одделенски раководители:** Андријана Грујоска, Валентина Лена Вељан

**Воспитно-образовни цели:**

● Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, старите градби, цркви и манастири во Источна Македонија; ● Прошетка низ градот Велес, музејот на градот и спомен куќата на Кочо Рацин ● Стекнување нови знаења за потеклото и местоположбата на градот градот Штип и посета на Музејот на градот;

● Прошетка низ градот Радовиш и посета на црквата „Света Троица“, еден од најпознатите православни храмови на Балканот;

● Прошетка низ градот Дојран и посета на Смоларскиот водопад.

**Содржини и опис на активности:**

Набљудување и разгледување на градовите Велес,Штип, Радовиш и Дојран. Прибирање податоци и материјали карактеристични за секој посетен објект, набљудување, фотографирање и разговор со кустоси, граѓани, свештени лица. Дружење и забава.

За учениците со посебни образовни потреби,еднодневната екскурзија се организира со придружба во согласност со видот и степенот на попреченоста, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

За учениците кои не учествуваат во екскурзија ќе се организира настава во училиште.

**Раководител на ексурзијата**
**:** Драган Станојковски

**Одговорни наставници:** Андријана Грујоска, Валентина Лена Вељан, Член на стручна служба: Сања Шутиновска
**Време на реализација:** април / мај, учебна 2025/2026 година

**Следење на реализација**

**Локации за посета и правци на патување:**

**Прв ден:**
Поаѓање во 8:30 часот од Скопје. Пристигнување во градот Велес, посета на музејот на град Велес и спомен куќата на Кочо Рацин. Поаѓање за градот Штип. Разгледување на градот и посета на Музејот на град Штип. Потоа посета на градот Радовиш и црквата „Света Троица“. Пауза за ручек. Поаѓање кон Дојран. Пристигнување во Дојран, посета на граничниот премин „св.Богородица“ и сместување во хотел. Вечера и слободно време до 21:00 от.

**Втор ден:**

По појадокот посета на Смоларските водопади, манастирот св.Леонтиј -Водоча, Враќање за ручек во хотелот . Поаѓање за Скопје. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**

Финансирање од страна на родителите на учениците

## ● Програма за организација и изведување на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение

**Тридневна екскурзија**

**Место:** Западна Македонија - Охрид

**Одделение:** IX одд.

**Одделенски раководители:** Ирена Т. Пановска, Бојана Бачоска

**Воспитно-образовни цели:**

- Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите знаења за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и

манастири во Западна Македонија;

● Стекнување нови знаења за градот Крушево, посета на Меморијалниот центар на Тоше Проески, црквата Св. Никола, Музејот Македониум, ликовната галерија на Никола Мартиновски;

● Запознавање со убавините на градот Охрид, неговата архитектура, спомениците - сведоци за богатата културно-историска, просветна и духовна дејност; ● Развивање на позитивен однос кон историјата и начинот на живеење на македонскиот народ во минатото.

**Содржина и опис на активности**:

Набљудување и истражување на градовите Крушево, Битола, Охрид и Струга. Прибирање на податоци, фотографирање на објекти, историски предмети и природни убавини. Дружење и забава на учениците.

**Раководител на екскурзијата**: Драган Станојковски

**Одговорни наставници:** Ирена Т. Пановска, Бојана Бачоска; Член на стручна служба : Сања Шутиновска

**Време на реализација**: април /мај, учебна 2025/2026 година

**Следење на реализација**

**Локации за посета и правци на патување**

**Прв ден :**

Тргнување во 8:30 часот од Скопје и пристигнување во Крушево. Разгледување на градот Крушево, посета на спомен куќата на Тоше Проески, црквата Св. Никола, Музејот Македониум, ликовната галерија на Никола Мартиновски...

Тргнување кон Битола со попатна посета на Мечкин Камен. Пристигнување во

Битола,

прошетка низ Широк сокак и посета и разгледување на археолошкиот локалитет Хераклеја. Ручек во Битола. Пристигање во Охрид во вечерните часови и сместување во хотел. Вечера и слободно време до 21:00 часот.

**Втор ден:**

По појадокот тргнување кон Струга и посета на изворите на Црн Дрим. Посета на природонаучниот музеј „Д-р Никола Незлобински“.Враќање за ручек во хотелот во

Охрид и слободно попладне за прошетка низ Охрид (Стариот град, Античкиот театар, Плаошник, Самоиловата тврдина). Вечера и слободно време до 21:00 часот. **Трет ден:**

Тргнување кон Св. Наум после појадокот и попатна посета на Заливот на коските.

Прошетка низ локалитетот Св.Наум и посета на истоимениот манастир. Враќање во хотел за ручек. После ручекот поаѓање кон Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово.Посета на Шарената џамија.Пристигнување пред училишната зграда во доцните попладневни часови.

За учениците со посебни образовни потреби,еднодневната екскурзија се организира со придружба во согласност со видот и степенот на попреченоста, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

За учениците кои не учествуваат во екскурзија ќе се организира настава во училиште. **Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси. Квалитетни услови на сместување во хотелот, присуство на туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање**

Финансирање од страна на родителите на учениците.

# ● Програма за организација и изведување на настава во природа за учениците од V одделение

**Настава во природа**

**Место:** Охрид

**Оддление:** V (петто)

**Одделенски раководители на петтите одд.:** Дина Николоска, Биљана Стојановска, Ирена Донев

**Цел на наставата во природа**

Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими од природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа. Учениците да се запознаат со природно-географските, биолошко-еколошките, етнолошките, антрополошките и културните обележја на градовите Охрид и Струга.

**Образовни цели**

- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- Продлабочување , проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки

**Воспитни цели**

- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**Раководител на екскурзијата:** одделенските наставници од петтите одд.

**Одговорни наставници:** Нина Николоска, Биљана Стојановска, Ирена

Д онев, Член на стручна служба : Сања Шутиновска

**Време на рализација:** април / мај/2026 г.

**Содржини – *Теми за истражување***

***Природа и екологија***

- Водата како животна средина - истражување на Охридската флора и фауна;
- Земјата и водата како животни средини и услов за живот;
- Сонцето како услов за живот;
- Растенија и животни кои се среќаваат во крајот со посебен осврт на лековитите билки;
- Изработка на инсектариум и хербариум;
- Еколошко истражување на водите на Охридското Езеро-ЕКО час.

***Општество***

- Културно наследство на тлото на Р.С. Македонија;
- Споменици на културата;
- Македонија - мултикултурна ризница;
- Личниот и живот во група;
- Социјализација на личноста во група;
- Животот и работата на луѓето во локалните заедници;
- Посета на археолошки ископини;
- Стопански и нестопански дејности:индустрија, туризам, риболов, градинарство,овоштарство, сточарство и занаети;
- Охридска архитектура;
- Од историското минато на македонскиот народ (цркви,манастири,спомен куќи, музеи).

***Македонски јазик***

● Раскажување по фантазија на тема: Што би било кога би живеел во минатото;
● Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во и околината;
● Читање на легендата за Охридското Езеро-разговор за легендата, пишување реченици за Охридското Езеро;
● Извештај од посети и набљудувања;
● Собирање на текстови напишани од учениците во одделението, договарање за илустрации, начин на подврзување на книгата и реализирање на договореното.

***Математика***

● Работа со податоци;
● Претставување и читање податоци на столбест дијаграм и пиктограм (следење на временска прогноза);
● Активности со дидактички материјали (местоположба во табела, координатен систем, насоки на компас).

***Физичко и здравствено образование***

● Слободни и забавни игри (игри без граници ,маскенбал, караоке забава, брза географија и други друштвени игри);
● Вежби за правилно држење на телото и естетика при играњето; ● Игри со ритмичко изведување на одредени движења со музика; ● Гимнастички вежби; ● Одење, трчање по рамен и нерамен терен, лазење, качување.

***Музичко образование (култура и фолклор)***

● Музички фолклор,народни песни („Билјана платно белеше“), народни ора; ● Народно творештво (народни носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од западниот крај на Македонија.

***Ликовно образование***

● Форма – цртање, сликање;
● Простор – цртање, сликање;
● Изработка на сувенири од природни материјали(каменчиња,семиња).

***Производствено –корисна работа:***

● Изработка на книга за „Убавините на Охрид и Охридското Езеро“; ● Изработка на видео презентација со фотографии од наставата во природа; ● Изработка на предмети од разни материјали (школки,камчиња, растенија...).

***Културно –забавни активности:***

● Вечер на хумор и смеа;
● Избор на најдобар глас;
● Вечер на народни игри и модерни танци;
● Квиз натпревар;
● Избор на најдобра маска;
● Игранка.

***Хигиена и здравја:***

● Одржување лична и општа хигиена;
● Норматив листа за јадење на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

***Распред на времето во текот на денот:***

● Станување
● Утринска гимнастика
● Лична хигиена и уредување на собите
● Појадок
● Настава
● Посети, набљудувања, истражувања
● Ручек
● Време за одмор
● Ужина и активен одмор, посети, набљуденија, истражувања
● Вечера
● Културно – забавни активности
● Лична хигиена и спиење

***Потребен материјал за наставни активности:***

● блок бр. 3
● темперни бои, четки, чаша за вода
● фломастери
● тетратка со квадратчиња
● тетратка со широки линии
● прибор за пишување
● лепак за хартија, ножици

***Наставни ( организациони) форми:***

● Заедничка, групна, индивидуална и работа во парови (тандеми)

***Методи и техники на работа:***

● Метод на игра
● Метод на набљудување
● Метод на истражување
● Говорен метод (монолошки, дијалошки и метод на дискусија) ● Метод на работа со текст (текстови, работни листови и индивидуални задачи) ● Демонстративен метод (слики, предмети, апликации, играчки) ● Илустративен метод
● Метод на практична работа
● Метод на решавање на проблеми

***Техники и методи за следење на постигањата на учениците***

● Набљудување
● Листи за следење
● Квизови
● Дебати
● Усни одговори на прашања поставени од наставникот
● Одговори на есејски прашања
● Поставување прашања од соучениците и одговори на нив
● Разговор со учениците
● Писмени извештаи
● Практични изведби
● Проектна работа

***Наставни средства:***

● Учебник за соодветниот предмет, енциклопедии
● Списанија
● Интернет
● Спортски реквизити
● Дидактички материјали и помагала
● Ликовни материјали
● Географска карта,нема карта
● Аудио – визуелни средства
● Извори на знаење од непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

***Воспитно образовни цели на наставата:***

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Западна Македонија;
- Учениците да негуваат љубов кон убавините на природата и својата татковина РС Македонија;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со рељефот во ЗМ, да изучуваат и истражуваат објекти и појави во природата како и односи во општествениот живот;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошки ископини: (Самуилова тврдина, Заливот на коските и др..);
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато (Праисториски период, Илинденски период, Христијанство итн.);
- Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро;
- Да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Да развиваат другарство и социјализирано однесување во околната средина.

***Задачи***

- Развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Позитивен однос кон верските и културните вредности;
- Социјализација и колективна заштита;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација;
- Поттикнување и развивање на другарството, меѓусебното почитување, позитивен и натпреварувачки дух и подобри меѓусебни односи;
- Создавање навики на здраво живеење.

***Часовен распоред на активностите во текот на денот***

| **Ден** | **час** | **Активности** |
|---|---|---|
| **I ден** | 8:00 | · Релација на движење: Тргнување во 08:00 часот пред училиштето кон Крушево. |
| | 11:00 | · Пристигнување во Крушево и посета на спомен Куќата на Тоше Проески, Мечкин Камен и споменикот Илинден. |
| | 14:00 | · Се продолжува за Битола и посета на |
| | 15:30 | Хераклеа. · Се продолжува за Охрид |
| | 17:00 | · Сместување во објектот<br>● **Одделенски час** (училница) - воведување куќен ред ● **Македонски јазик:** Импресии од патувањето (училница)<br>● **Математика:** Истражувачки задачи за поминатата релација и претставување во дијаграм |
| | 19:00 | · Вечера |
| | 20:00 | · Забава (Вечер на народни игри и модерни |
| | 22:00 | |

| | | |
|---|---|---|
| | | танци) · Ноќен одмор |

**II ден** 8:00 · Будење, утринска гимнастика

8:30 · Појадок

9:30 · Посета на градот Охрид (Самоилова тврдина, Старата Чаршија, Куќа на Робевци, Чинарот, Плаошник, Билјанини извори) и собирање на материјали за изработка на книга

**Набљудување:** релјефни карактеристики, архитектура, растенија и животни (надворешна средина)

**Историја и општество:** Посети и набљуденија пропратени со разговори со кустоси и туристички водичи

14:30 · Враќање и ручек

15:30 · Попладневен одмор

16:30 · Попладневна настава - средување на впечатоците од посетите во градот

**Корелација на македонски јазик и Историја и општество:** Изработка на книга од собраните материјали од посетата на градот

**Музичко образование:** Слушање црковна, рановизантиска музика, сумирање на впечатоците од посетите и набљудувањата

19:00 · Вечера

20:00 · Забава (Избор на најдобар глас и игранка)

22:00 · Ноќен одмор

**III ден** 8 : 00 · Будење, утринска гимнастика

8:30 · Појадок
9:30 · Прошетка на крајбрежјето на Охридско Езеро и собирање на природни материјали за изработка на накит и украси

**Еколошко истражување** на водите на Охридското Езеро-**ЕКО час.**

**Ликовно образование**: Изработка на ликовни творба (накит од природни материјали)

**Македонски јазик:** Изработка на извештај од извршените посети и набљудувања

12:00 · Ручек

13:00 · Тргнување за Вевчани и Вевчански извори

**Македонски јазик:** Дебата- Впечатоците од извршената посети и доживувања

Изработка на хербариум

15:00 · Тргнување за Скопје

18:00 · Пристигнување во Скопје

За учениците кои нема да посетат Настава во природа ќе се организира настава во училиште.

**Техничка организација**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар

**Начин на финансирање :**
Финансирање од страна на родителите на учениците

Кодекс на однесување за време на училишнаекскурзија

1. Почит кон другите
• Почитувај ги наставниците, водичите и возачите.
• Однесувај се учтиво со соучениците и другите луѓешто ќе ги сретнеме.
• Не навредувај, не туркај и не тепај никого.
2. Слушање на упатствата
• Секогаш следи ги инструкциите на наставниците и придружниците.
• Внимавај кога се даваат важни информации забезбедноста.
3. Безбедност при патување
• Во автобусот седи на своето место и врзан со појас(ако го има).
• Не станувај и не трчај додека автобусот се движи.
• Не фрлај предмети од автобусот.
4. Одговорно однесување на локации
• Не одвојувај се од групата без дозвола.
• Чувај ја природата и културните објекти — не кини, не цртај и не фрлај ѓубре.
• Пази на својот и на туѓиот имот.
5. Однесување во хотел
• Почитувај ги правилата на хотелот и вработените.
• Останувај во својата соба по договореното време.
• Не отворај врата на непознати лица.
• Не трчај и не викај по ходници и скали.
• Чувај ја чистотата во собата и внимавај на хотелскиот имот.
• При пожар или вонредна состојба, следи гиупатствата на наставниците и хотелскиотперсонал.
6. Забрана за алкохол, цигари и други штетнисупстанци
• Строго е забрането консумирање или носењеалкохол, цигари или било какви други штетнисупстанци.
• Прекршувањето на ова правило ќе доведе доведнаш известување на родителите и можнапедагошка мерка .
7. Лична одговорност
• Чувај ги своите лични работи.
• Понеси доволно вода
• Облечи се соодветно според времето и активностите.
8. Пријателство и соработка
• Помогни ако некој има проблем.
• Сподели и играј се заедно.
• Радувај се на туѓите успеси и откритија.
9. Последици при непочитување
• Ако не се придржуваш кон правилата, ќе бидеш опоменат и можеш да бидеш исклучен од активностите.
• Родителите ќе бидат информирани за секое сериозно нарушување на однесувањето.

Скопје | Директор
_________________ | Соња Кирковска